Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО
Бр. 0307 - 971/1
16 06 2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-621/1
11. 06 2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден __.__.2021 година помеѓу следните

## 1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**,ул.Водњанска број 17,Скопје,Република Северна Македонија застапуван(о) од Доц.Д-р.Иван Барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,
и **ЗЕГИН ДОО Скопје** , ул. Народен фронт бр.5-3/1 Скопје, Република Северна Македонија застапуван од Одговорно лице: Васко Иванов, ЕМБС :**4132025** (во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

Член 1

**Предмет на овој Договор е набавка на: ЛЕК Interferon beta-1b**

со Отворена постапка согласно член 41 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2019) , која се води во ЕЛЕКТРОНСКА форма преку ЕСЈН, за што се објави оглас број 06973/2021 од 26.04.2021 година, како и согласно елементите содржани во тендерската документација и техничката спецификација како составен дел на Договорот.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на договорот ќе се пресметува согласно прифатена Понуда за оглас број 06973/2021 од 26.04.2021,и согласно техничката спецификација од тендерската документација.

Вредност на договорот без ДДВ: 10.332.000,00

Вредност на ДДВ: 516.600,00

**Вкупната вредност на договорот со ДДВ: 10.848.600,00 денари .**

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги,увозни царини и данокот на додадена вредност.

Цената во понудата и во договорот не смеат да бидат повисоки од максималната единствена цена на големо утврдена од страна на Министерството за здравство или референтната цена утврдена од ФЗОРСМ земајќи ги во предвид пониските утврдени цени. Промената на единствените цени или референтните цени ќе предизвика промени во фактурните цени,од денот на настанување на промените,што ќе се уреди со Анекс кон Договорот.

Во случај доколку Министерството за здравство на РСМ објави тендерска постапка за истата јавна набавка и доколку бидат постигнати пониски цени, ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија - Скопје ќе продолжи да набавува количини согласно тендерот објавен од страна на Министерството за здравство на РСМ.

**V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

Договорот се склучува на определено време за период од **365** дена од денот на склучувањето,во кој период добавувачот е должен редовно да ги доставува лековите кои се предмет на јавната набавка.

**VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 5

Ако добавувачот не ја испорача стоката во договорениот рок,ќе биде активирана Банкарската гаранција .

**VII.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВШРУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 6

Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот со вклучен ДДВ.

**VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

Член 7

Добавувачот е должен испораката на стоката да ја изврши во рок **7** дена од денот на доставено требување на лекови за тој месец во Аптеката на клиниката.

Испораката на стоката се смета за извршена: со потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Набавувачот и овластеното лице на Добавувачот.

Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договор.

Контакт лице за реализација на договорот: дипл.фармацевт м-р Бранка Пашалиска Цветков, 078251791, 075277827.

**IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 8

Во случај на доцнење со испораката на Предметот на набавката: ќе се превземат мерки за раскинување на Договорот пред надлежниот суд.согласно членовите 19,20,21.22,23 од Договорот.

**X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА**

Член 9

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- количини со опис на стоката , дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;

**XI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ**

Член 10

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок од **90** дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Добавувачот.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува затезна камата за задоцнето плаќање .

**XII. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ**

Член 11

Материјален недостаток постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет; Лекот да е со рок на траење од најмалку **6** месеци од денот на испорака.

- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;

- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани, и

кога добавувачот предал стока кој не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

Член 12

Набавувачот е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести понудувачот во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на добавувачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Ако набавувачот ја експедирал стоката натаму без претовар, а на понудувачот при склучувањето на договорот му била позната или морала да му биде позната можноста за такво натамошно експедирање, прегледот на стоката може да биде одложен до нејзиното пристигнување во новото место на определување и во тој случај набавувачот е должен да го извести понудувачот за недостатоците штом, според редовниот тек на работите, можел за нив да узнае.

Член 13

Кога по приемот на стоката од страна на набавувачот ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), набавувачот е должен, за тој недостаток да го извести понудувачот во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Добавувачот не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката, освен ако со овој договорот не е определен подолг рок.

Член 14

Кога поради некој недостаток дошло до поправка на стоката, испорака на друга стока, замена на делови и слично, роковите од претходните два члена почнуваат да течат од предавањето на поправената стока, предавањето на другата стока, извршената замена на делови и слично.

Член 15

Во известувањето за недостатокот на стоката набавувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика понудувачот да ја прегледа стоката.

Ако известувањето за недостатокот кое набавувачот навремено го испратил до добавувачот со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до добавувачот, се смета дека набавувачот ја извршил својата обврска да го извести понудувачот.

Член 16

Набавувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести понудувачот за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката, ако тој недостаток му бил познат на понудувачот или не можел да му остане непознат.

Член 17

Договорните страни можат да ја ограничат или сосема да ја исклучат одговорноста на добавувачот за материјалните недостатоци на стоката.

Одредбата од договорот за ограничување или исклучување на одговорноста за недостатоците на стоката е ништовна, ако недостатокот му бил познат на добавувачот, а тој за него не го известил набавувачот.

Набавувачот кој се откажал од правото да го раскине договорот поради недостатоци на стоката ги задржува другите права поради тие недостатоци.

Член 18

Добавувачот не одговара за недостатоците од член 10 на овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на набавувачот или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на набавувачот не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како набавувачот би можел лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

**XIII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

Член19

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикани поради неисправност или недостатоци , согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

**XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 20

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 21

Доколку не се најде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје

**XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 22

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XVI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

Член 23

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 24

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија

**XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 25

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 26

Овој Договор е склучен во 6 ( шест ) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Набавувачот и 2 ( два ) за Добавувачот.

**Добавувач:**

**ЗЕГИН ДОО Скопје**

**Одговорно лице: Васко Иванов**

---------------------------------------------

**Набавувач:**

**ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје**

**Директор: Доц.Др. Иван Барбов**

---------------------------------------------

**Прилог:**

Техничка и финансиска понуда

Составен дел од договорот.

**Прилог Составен дел од Договорот**

**Техничка и финансиска понуда**

**НАБАВКА НА**

**ЛЕК Interferon beta-1b**

**за Оглас 06973/2021 од.26.04.2021 година**

**Договор број_____________ од ___.___.____ година Добавувач: ЗЕГИН ДОО Скопје**

| ДЕЛОВИ | АТЦ Код | Генерично име-INN | Фармацевтска форма | Јачина | Единица мерка | Количина за 2021 година | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупно ДДВ - 5% | Вкупна цена со ДД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дел 1** | L03AB08 | interferon beta-1b | Прашок и вехикулум за раствор за инјектирање | 250mcg (8MIU)/1ml | Вијала + наполнет инјекциски шприц | **6300** | 1.640,00 | 10.332.000,00 | 516.600,00 | 10.848.600,00 |

**Добавувач:**

**ЗЕГИН ДОО Скопје**

**Одговорно лице: Васко Иванов**

------------------------------------------

**Набавувач:**

**ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје**

**Директор: Доц.Др. Иван Барбов**

------------------------------------------